РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-819/1 од 18.02.2025 година, поднесена против лицата ---- - Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и ---- - Заменик министер за одбрана, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Да се достави Укажување, до членот на Владата одговорен за спроведување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, Игор Филков, да се преземат активности кон споментатите носители на извршна функција наведени во пријавата во насока на доследно почитување на одредбите од Кодексот при вршењето на функциите.

Предметот со бр. 12-819/1 од 18.02.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 18.02.2025 година, е поднесена пријава заведена под бр. 12-819/1 од 18.02.2025 година, против лицата ---- - Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и ---- - Заменик министер за одбрана.

Во пријавата подносителот наведува дека на ден недела, вицепремиерот ---- и заменик министерот за одбрана ---- ги злоупотребиле службените возила за партиски цели и активности. Како што навел подносителот на пријавата, видно од фотографиите доставени како доказ во прилог на истата, за време на партиска активност во Дебар, пријавените лица пристигнале со владини службени возила (со флешери).

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана позитивната регулатива, при што беше утврдено:

*Според член 2 став 1 од Правилникот за начин на користење на службени моторни возила од возниот парк на министерството за одбрана, право на користење на службено моторно возило и возач на лично располагање имаат министерот за одбрана, заменик министерот и државниот секретар во Министерството.*
*Според член 4 став 1 алинеја 4 од Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување („Службен весник на Република Македонија", бр. 56/2014; 161/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 267/2019; 244/2023), од страна на Министерството за внатрешни работи со редовни, вонредни и посебни мерки и активности постојано се обезбедуваат следниве личности: - замениците на претседателот на Владата на Република Македонија.*

*Според член 13 став 1 и став 2 од Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувано од страна на Владата, носителите на извршни функции, при учеството во партиски активности како членови и носители на функции во политички партии, кандидирање или застапување на партии и кандидати за локални, парламентарни или претседателски избори, не смеат да ја загрозат про- фесионалноста и достапноста на вршење на функцијата, односно должноста и секогаш приоритет ќе има јавната функција, односно должност. Носителите на извршни функции, надвор од работното време на институцијата со која раководат, можат да учествуваат во партиски активности како членови на политички партии, да бидат кандидати или да застапуваат партии и кандидати за локални, парламентарни и претседателски избори, но не смеат да ја загрозат нивната професионалност и достапноста на функцијата, односно должноста која ја извршуваат, а притоа секогаш приоритет ќе има функцијата, односно должноста која ја извршуваат.*

*Според член 23 став 1 од Кодексот, во случај на непочитување на одредбите од овој кодекс членот на Владата одговорен за спроведување на Кодексот вербално и писмено му укажува на носителот на извршна функција дека го прекршил Кодексот и му укажува да го поправи однесувањето. Писменото укажување се доставува и до сите носители на извршни функции како мерка која има за цел да влијае на идното нивно однесување и да превенира идни прекршувања на Кодексот по таа одредба од страна на носителите на извршни функции.*

ДКСК констатира дека согласно член 2 став 1 од Правилникот за начин на користење на службени моторни возила од возниот парк на министерството за одбрана, заменик министерот има право на користење на службено моторно возило и возач на лично располагање.
Во однос на заменикот претседател на Владата на Република Македонија, истиот согласно член 4 став 1 алинеја 4 од Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување, постојано се обезбедува од страна на Министерството за внатрешни работи со редовни, вонредни и посебни мерки и активности.

Имајќи ја во предвид утврдената законска можност за користење на службени возила од страна на носителите на јавни функции именувани од владата, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај. Со оглед на етичкиот аспект на преземените дејствија од горенаведените службени лица, а во насока на превенција од идни можни прекршувања на погорецитираните одредби од споменатиот Кодекс, ДКСК одлучи да упати Укажување до членот на Владата одговорен за спроведување на Кодексот, да преземе активности кон носителите на извршна функција во насока на нивно доследно почитување на одредбите од Кодексот при вршењето на функциите.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р. Билјана Каракашова Шулев

Изработил:м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk